# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2373.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 3 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 85/14), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 септември 2017 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ШЕФ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА (ПС СЕ)

1. Во Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ), („Службен весник на Република Македонија" број 89/17) во точката 1. под б) за членови на Делегацијата, во алинеја 1 зборовите: „Владимир Ѓорчев" се заменуваат со зборовите: „Никола Попоски".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2970/1
4 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**2374.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2004 и 73/17), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 септември 2017 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНИОТ КОМИТЕТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

I. Во Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација („Службен весник на Република Македонија" број 89/17) во точката I. под в) за членови: во точката 3) зборовите: „Петар Атанасов" се заменуваат со зборовите: „Жаклина Лазаревска".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2971/1
4 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**2375.**

Врз основа на Амандманот XII став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членовите 2 и 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Македонија" број 150/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 септември 2017 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

I. Во Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Македонија" број 89/17) во точката I. алинеја 1, во potточката 1) зборовите: „Жаклина Лазаревска" се заменуваат со зборовите: „Петар Атанасов".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2972/1
4 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**2376.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија" број 140/2007 и 91/11) Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 септември 2017 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ-ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

I. Во Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици - членови на Националниот совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија" број 89/17) во точката I. под в) за членови: точката 9 се менува и гласи:

„9. Стево Пендаровски, копретседател на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ- Република Македонија“.

Точката 11 се менува и гласи:

„11. Проф. д-р Иванка Додовска, од Универзитетот „Св. Кирил и Методи“, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија.“

Точката 12 се менува и гласи:

„12. Бојан Маричиќ, советник за ЕУ интеграции и итни реформски приоритети, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија.“

Точката 13 се менува и гласи:

„13. Академик Луан Старова, потпретседател на МАНУ и член на Советот за евроинтеграции на МАНУ, претставник од Македонската академија на науките и уметностите.“

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2973/1
4 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**2377.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 9 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија“ број 85/14), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 септември 2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ПС ПСЈИЕ)

1. Во Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) („Службен весник на Република Македонија" број 89/17), во точката 2. Членови на Делегацијата: во потточка 3) зборовите: „Ејуп Аљими“ се заменуваат со зборовите: „Џеват Адеми“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2974/1
4 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**2378.**

Врз основа на членот 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став (5) и 119 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/2008, 119/10 и 23/13), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 ноември 2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/17, 73/17, 84/17 и 89/17), во точката I. во потточката 7. Комисија за европски прашања под в) за членови: во точката 14) се додаваат зборовите: „Шпреса Хадри“.

Под г) за заменици на членовите: во точката 7) зборовите: „Шпреса Хадри“ се заменуваат со зборовите „Ејуп Аљими“.

Во потточката 8. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот под в) за членови: во точката 14) се додаваат зборовите: „Зиадин Села“.

Под г) за заменици на членовите: во точката 14) се додаваат зборовите: „Весел Мемеди“.

Во потточката 19. Комисија за еднакви можности на жените и мажите под в) за членови: по точката 5) се додава нова точка 6), која гласи:

„6) Ирена Стефоска“ “.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2975/1
4 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

---

**2379.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 19 и 20 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 85/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 септември 2017 година, донесе